**вести-информации**

*Наташа ЧИЧЕВСКА*

**УЧЕСТВО НА СПОРТИСТИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА XVIII СПОРТСКИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ НА ГЛУВИТЕ ОДРЖАНИ ВО КОПЕНХАГЕН**

Сојузот на глувите лица на Македонија учествуваше на XVIII спортски олимписки игри на глувите што се одржаа во Данска-Копенхаген од 13-26.07.1997 год. На овие игри учествуваа 63 земји и тие беа отворени од страна на претседателот на Олимпискиот комитет Хуан Самаранс, а под покровителство на принцот Фредерик. На овие игри зедоа учество и 5 наши спортисти во две спортски дисциплини: стрелаштво и пливање. Постигнати се солидни резултати. Во рамките на ова се одржа и Конгрес на светската спортска федерација на глувите во кој Македонија беше примена како редовна членка на оваа асоцијација.

**НАСКОРО ЌЕ БИДЕ ИЗДАДЕН РЕЧНИК НА ЗНАКОВЕН ЈАЗИК**

Во завршна фаза се подготовките за издавање на Речникот на знаковен јазик што ќе содржи околу 1.600 поими придружени со фотографии. Издавач на Речникот ќе биде Сојузот на глувите лица на Македонија, а го подготви петчлена работна група активисти на Сојузот што го познаваат гестовниот јазик. Претседател на работната група е Мице Башески, а членови на групата се: Раде Атанасовски, Вера Солева, Марија Башеска и Душко Хаџиниколовски. За изготвување на овој Речник црпени се искуства од меѓународниот речник на гестовни знаци како и литература од соседните земји. Во Македонија за прв пат ќе се сретне литература од ваков тип.

**СОЈУЗОТ НА СЛЕПИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ДОМАЌИН НА VII СОСТАНОК НА БАЛКАНСКИОТ КОНСУЛТАТИВЕН КОМИТЕТ ПРИ ЕВРОПСКИОТ СОЈУЗ НА СЛЕПИТЕ**

Сојузот на слепите на Македонија од 7-9.05.1997 година беше домаќин и организатор на VII состанок на Балканскиот Консултативен Комитет (Б.К.К.) при Европскиот сојуз на слепите. На него учествуваа осум делегации-членки на Европскиот сојуз на слепите од следниве земји: СР Југославија, Р. Грција, Р. Кипар, Р. Бугарија, Р. Турција, Р. Романија и Р. Албанија. Состанокот го отвори и со него раководеше г. Илијас Мариолас-претседател на БКК при ЕСС. По поздравните говори присутните беа запознаени со Извештајот за активностите на БКК во 1996/97 година, во него беше претставена и анализирана состојбата на слепите лица во земјите-членки на БКК, се избра нов претседател на БКК и беше донесена програма за активностите во наредниот период.